РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# Политика за пристап до анонимизирани микроподатоци за научноистражувачки цели

Септември 2024 година

Вовед

Прашањето за пристапот до анонимизирани микроподатоци за научноистражувачки цели во последните години станува предизвик со кој се соочуваат националните заводи за статистика. Поради тоа, потребно е да се направи рамнотежа помеѓу заштитата на доверливоста и зголемената употреба на анонимизирани микроподатоци. За постигнување на оваа рамнотежа, неизбежно е да се комбинираат различни мерки и активности кои треба да опфатат повеќе аспекти, и тоа: законски, технички, административни и методолошки.

Во Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст: Завод), заштитата на податоците прибрани за статистички цели е гарантирана со Законот за државната статистика.

Во однос на дефинициите за научноистражувачката работа, оваа Политика се заснова и на одредбите од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016). Во согласност со овој Закон се користат следните дефиниции:

- „Научноистражувачка дејност“ ги опфаќа фундаменталните и применетите истражувања чии резултати содржат изворност/оригиналност, а се насочени кон проширување и унапредување на дејноста и на вкупните знаења;
- „Истражувач“ е физичко лице кое врши научноистражувачка дејност и научни истражувања во субјектите на научноистражувачката дејност;
- „Раководител на проект“ е истражувач кој раководи со научноистражувачки проекти;
- „Самостоен истражувач“ е физичко лице кое самостојно врши научноистражувачка дејност во согласност со Законот за научноистражувачка дејност.

Во согласност со Законот, под поимот „научноистражувачка заедница“ се подразбираат истражувачи, самостојни истражувачи, како и субјекти кои вршат научноистражувачка дејност и се регистрирани во Регистарот на субјекти за вршење научноистражувачка дејност.

Терминот анонимизирани микроподатоци се однесува на индивидуални податоци без идентификациски податоци за известајната единица, без можност

за директна или индиректна идентификација. Опфатени се само податоци кои се прибрани од Заводот.

Целта на документот е да ја дефинира политиката и пристапот до анонимизирани микроподатоци.

1. Основни принципи

Шестиот принцип од Фундаметалните принципи на официјалната статистика, дефиниран од Обединетите нации (ОН), се однесува на статистичката доверливост и гласи:

„Индивидаулните податоци прибрани од статистичките организации заради продукција на статистички податоци , без оглед дали се однесуваат на лица или правни субјекти, се строго доверливи и се користат исклучиво за статистички цели“.

Правилата за пристап до податоците мора да бидат конзистентни со овој фундаментален принцип, но треба да се земат предвид и следните принципи за заштита на податоците:

Принцип 1

Податоците кои се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научноистражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот.

Принцип 2

Анонимизираните микроподатоци може да бидат достапни само за статистички цели.

Принцип 3

Обезбедувањето анонимизирани микроподатоци треба да биде конзистентно со законската основа што обезбедува заштита на доверливоста на дадените податоци.

Принцип 4

Процедурите за пристап до анонимизирани микроподатоци на истражувачите, како и правилата за нивно користење, треба да бидат транспарентни и јавно достапни.

2. Цели на користење на микроподатоците

Заводот е свесен за значењето што го има користењето микроподатоци при изработка на научни студии.

Давањето анонимизирани микроподатоци за цели што не се статистички, на пример, административни, законски или даночни цели или за верификација на статистичката единица против која би се примениле одредени рестриктивни мерки е најстрого забрането.

Обезбедувањето пристап до анонимизирани микроподатоци во овој случај е во спротивност со шестиот фундаментален принцип на ОН.

Во врска со законската основа спомената во Принципот 3, заради заштита на доверливите податоци, пристап до анонимизирани микроподатоци може да се дозволи само врз основа на релевантните национални акти, т.е. Законот за државната статистика и Законот за заштитата на лични податоци. Покрај тоа, Државниот завод за статистика треба да донесе технички и административни мерки кои ќе го спречат разоткривањето на податоците.

Со Принципот 4 треба да се зајакне довербата на јавноста дека податоците се третираат соодветно и дека одлуката за нивната достапност е базирана врз однапред утврдени правила во согласност со законската регулатива. Само Заводот може да реши дали и кому ќе му бидат дадени анонимизираните микроподатоци, но одлуката мора да биде во согласност со Политиката за пристап до доверливи податоци и Правилникот за процедури и мерки за заштита на податоците прибрани преку Петгодишната програма за статистички истражувања.

3. Постапка за одобрување пристап до анонимизирани микроподатоци

Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дозволен само за научноистражувачки цели и за креирање политики, а секое барање за пристап до микроподатоци се разгледува од страна на Комитетот за статистичка доверливост во Заводот. За да се донесе одлука, потребно е барањето да содржи повеќе информации, и тоа:

- Целта и очекуваниот резултат од научноистражувачката работа,
- Контакт-информации за лицето што бара пристап до податоците,
- Информации за аналитичките методи што ќе се користат, како и за софтверот што ќе се користи при работата со микроподатоци,
- Потврда дека не постојат други извори, освен податоците во Заводот,
- Периодот на користење на микроподатоците, како и начинот и временскиот период за објавување на резултатите од научноистражувачката работа,
- Доказ дека барателот на анонимизираните микроподатоци е регистриран домашен истражувач, а за истражувачите од странски земји – еквивалентен документ како за домашните истражувачи.

Одлуката за давање пристап до анонимизирани микроподатоци ја носи директорот на Заводот, врз основа на мислењето добиено од Комитетот за статистичка доверливост. При давањето согласност за пристап до податоците, секогаш треба да се земе предвид и нивниот квалитет. Ако податоците на агрегирано ниво ги исполнуваат критериумите за квалитет, а на пониско ниво на дезагрегација имаат незадоволителен квалитет и може да придонесат за носење погрешни одлуки, таквите микроподатоци не се доставуваат до корисниците.

Исто така, Заводот треба да има увид во резултатот од научноистражувачката работа, кој се базира на пристапот до анонимизираните микроподатоци, т.е. да се осигури дека нема разоткривање на податоците на агрегирано ниво или несоодветно толкување на користените статистички податоци.

## 4. Комитет за статистичка доверливост

Комитетот за статистичка доверливост во Заводот е воспоставен како советодавно тело на директорот на Заводот. Комитетот ги има следните задачи:

- Да ги следи новините во практиката со која се обезбедува пристап до анонимизирани микроподатоци во рамките на Европскиот статистички систем,
- Да ги утврдува и по потреба да ги ревидира процедурите за пристап до анонимизираните микроподатоци,
- Да пропишува стандардни обрасци за барање пристап до анонимизирани микроподатоци,

- Да ги разгледува сите барања за анонимизирани микроподатоци и да подготвува мислење за (не)обезбедување пристап до микроподатоци до директорот на Заводот,
- Да разгледува специфични ситуации и да го советува директорот во случаи што не се опфатени со општите правила за статистичка доверливост,
- Да се грижи за имплементација на процедурите и мерките за заштита на доверливоста на статистичките податоци,
- Да ги следи регулативите и развојот на методите за обезбедување пристап до анонимизирани микроподатоци за истражувачки цели,
- Да подготвува годишен извештај во врска со користењето анонимизирани микроподатоци и да го достави до директорот на Заводот.

Членовите на Комитетот ги назначува директорот на Заводот.

## 5. Правила за обезбедување заштита на микроподатоците

Достапните бази со анонимизирани микроподатоци треба да бидат конструирани така што веројатноста за идентификација на статистичките единици да е екстремно ниска, односно невозможна. Треба да се преземат сите можни мерки за заштита од разоткривање, притоа:

- Ќе бидат дадени само податоците за статистичките единици кои се од интерес за научноистражувачката работа.
- Ќе бидат дадени само варијаблите што се неопходни. Во врска со варијаблите (според релевантни класификации и единични мерки), Заводот ќе зема предвид кое ниво на деталност е потребно.
- Посебни правила за доверливост се применуваат за барања кога се обезбедуваат комплексни податочни сетови и кога се линкувани повеќе податочни сетови со кои располага ДЗС.
- За некои варијабли кај кои веројатноста за разоткривање е поголема, треба да се определи максималното ниво на деталност на податоците до кои може да се дозволи пристап.
- Директните идентификации, т.е. идентификациските податоци мора да се отстранат од податочните сетови.

Давањето пристап до анонимизираните микроподатоци истовремено подразбира давање пристап и до потребните метаподатоци што овозможуваат ефективно користење на податоците. Тука спаѓаат кодните листи, опфатот и задолжително информацијата за квалитетот на податоците (како неодзив, грешка од примерок, презентирани во СИМС-извештаите за соодветното истражување и сл.).

## 6. Обврски на научноистражувачката заедница

- Во случај кога резултатите од научноистражувачката работа се публикуваат јавно, задолжително треба да се достави копија до Заводот. Во случај да не служат за публикување, барањето треба да содржи експлицитна информација за целта на користењето микроподатоци.
- Во публикуваните резултати од научноистражувачката работа задолжително се наведува дека за изработка на студијата се користени статистички податоци од Државниот завод за статистика.
- Анонимизираните микроподатоци чие користење е одобрено за една цел не смеат да се користат за друга цел без претходно добиена согласност од Заводот.
- Секое лице истражувач или лице што је претставува институцијата и добива пристап до анонимизираните микроподатоци треба да потпише изјава за доверливост.
- Лицето истражувач што ја претставува институцијата и добива пристап до анонимизираните микроподатоци не смее да ги пренесе правата на користење на друго лице/институција.

## 7. Евиденција на истражувачите

Секој истражувач што е заинтересиран за обезбедување пристап до анонимизирани микроподатоци за потребите на научноистражувачка работа треба да поднесе барање до Заводот и барањето да биде одобрено од директорот на Заводот.

Државниот завод за статистика води Евиденција на истражувачи што доставиле барање за обезбедување пристап до микроподатоци.

## 8. Доставување микроподатоци до европски и меѓународни организации

Државниот завод за статистика има обврска да доставува анонимизирани микроподатоци до статистичките оддели на европските и меѓународните организации (на пр., Евростат при Европската комисија, UN/ECE и други организации со кои Заводот соработува). Ова доставување се базира на законската регулатива на европската/меѓународната институција со која се регулира доставувањето микроподатоци од националните статистички институции.

Доставувањето анонимизирани микроподатоци до статистичките оддели на европските/меѓународните институци не се разгледува од Комитетот за статистичка доверливост.

Покрај тоа, доставувањето анонимизирани микроподатоци до други меѓународни организации може да се уреди со договор, меморандум, владини договори со меѓународните организации, како и со други меѓународни договори во кои се јасно дефинирани постапката за користење микроподатоци и временскиот период кога оваа услуга ќе биде обезбедена. Овие доставувања на анонимизирани микроподатоци се теми што ги разгледува Комитетот за статистичка доверливост.

## 9. Примена на законска основа при постапувањето со микроподатоци

Пристапот до анонимизирани микроподатоци мора да биде поддржан од соодветна законска рамка што јасно определува кои се законските ограничувања и која ќе обезбеди конзистентност во начинот како се третираат барањата од истражувачите, а истовремено ќе бидат и основа за справување со прекршителите. Законската основа ги покрива следните аспекти:

- Видовите микроподатоци и начин на обезбедување пристап до нив,
- Условите за добивање пристап до микроподатоци,
- Последиците од прекршувањето на правилата,
- Начин на проверка дека излезните резултати од истражувачката работа не содржат индивидуални податоци.

Практичната примена на утврдената Политика за пристап до анонимизирани микроподатоци ќе биде поддржана и со соодветни правилници, упатства и процедури.

9.1. Законска основа

1. Закон за државната статистика ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/2016, 83/2018, 220/2018 и 31/2020)
2. Регулатива (ЕУ) 557/2013 од 17.06.2013 година на Европскиот парламент и Советот
3. Регулатива (ЕК) 223/2009 за официјалната статистика
4. Општа регулатива (ЕК) за заштита на податоци 2016/679
5. Закон за научноистражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016).

9.2 Други документи (упатства, правилници, процедури)

1. Образец за барање на пристап до анонимизирани микроподатоци
2. Изјава за доверливост
3. Договор за одобрување на пристап до анонимизирани микроподатоци
4. Правила за организација на работата во заштитената безбедна соба
5. Упатство за управување со барања на корисници за пристап до анонимизирани микроподатоци
6. Правилник за процедурите и мерките за заштита на податоците прибрани со Програмата за статистички истражувања во ДЗС.

директор
д-р Дејан Станков